# ДИГИ-Пловци



## Книга со активности

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# ДИГИ-ПЛОВЦИ
## КНИГА СО АКТИВНОСТИ

Книгата со активности на ДИГИ-Пловците содржи активности наменети за зајакнување на пораките во првите три видеа од серијата анимации на ДИГИ-Пловци:

**Пристап и инклузија** – Различноста го обојува светот.
**Здравје и благосостојба** – За се има време и место.
**Свесност на потрошувачите** – Сите заедно можеме подобро да се грижиме за нашата планета.


**Автори:**
Џенис Ричардсон, Вероника Самара



Совет на Европа

English edition: Digi-Nauts Activity Book
Датум на оригинално објавување: мај 2023 година

*Ставовите искажани во овој прирачник не секогаш ги одразуваат мислењата на Советот на Европа.*

Репродукцијата на извадоци (до 500 зборови) е овластена, освен за комерцијални цели се додека е зачуван интегритетот на текстот, извадокот не се користи надвор од контекст, не дава нецелосни информации или на друг начин не го доведува читателот во заблуда во однос на природата, обемот или содржината на текстот. Изворниот текст секогаш мора да се препознава со знакот како што следува „© Совет на Европа, 2023 година“. Сите други барања во врска со репродукција/преведување на целиот или дел од документот, треба да се упатат до Дирекцијата за комуникации, Советот на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publicing@coe.int).

Останатата кореспонденција во врска со овој документ треба да биде упатена до Одделот за образование на Советот на Европа.

Преглед: www.playou.com, www.iddifix.lu

This translate was provided by Доц. Д-р Владимир Китановски

Оваа публикација не е копирана од уредувачката единица на SPDP за да се поправат печатни и граматички грешки.

© Совет на Европа, Април 2024 година

# Содржини


## ПРИСТАП И ИНКЛУЗИЈА – РАЗЛИЧНОСТА ГО ОБОЈУВА СВЕТОТ

Запознајте ги ДИГИ-Пловците. 7
Забележете ги шесте разлики! 8
Раскажете ја приказната! 9
Како се чувствуваат ДИГИ-Пловците? 10

## ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА – ЗА СЕ ИМА ВРЕМЕ И МЕСТО

ДИГИ-Пловци се зафатени. 11
Кои забавни работи можеме да ги правиме само офлајн? 12
Каде оди Лила? 13
Правење пауза. 14

## СВЕСНОСТ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ – СИТЕ ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ПОДОБРО ДА СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НАШАТА ПЛАНЕТА

Дали навистина ни треба или само го сакаме? 15
Ајде да работиме заедно за подобро да се грижиме за нашата планета! 16
Зачувај ја планетата земја: загатка за пребарување зборови. 17
Подреди ги сликите и раскажи ја приказната. 18

## ВОДИЧ ЗА НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ 19

# Оваа книга припаѓа на

Ставете ја вашата фотографија или нацртајте се овде.





# Пристап и инклузија

## Различноста го обојува светот.

## Запознајте ги ДИГИ-Пловците.

Следете ги броевите и поврзете ги точките. Можете исто така да ги обоите ДИГИ-Пловците.











Сега повлечете линија за да го поврзете секој лик со неговото или нејзиното име.
*Ние го направивме првото за вас.*

НОА  СИГМА  ЕЛО  ЛИЛА  РОБИ

На кого му припаѓаат овие предмети? Напишете го името на сопственикот под секој објект.




..............




..............



..............



..............



..............

# Откријте ги шесте разлики!

Сите ние изгледаме и се движиме поинаку. Можете ли да ги откриете шесте разлики?
Заокружете ги на сликите подолу.

## Да се биде различен е во ред, и тоа го прави светот позабавен.





На кој начин вие се разликувате од вашите пријатели?

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

# Раскажете ја приказната!



Денес ДИГИ-Пловците одат на возење.



Роби прави трик за да создаде магичен тепих.



Тие одат во родниот град на Сигма.

Сега треба да смислите приказна за да покажете како ДИГИ-Пловците постапуваат љубезно и си помагаат едни со други.

Нацртајте емотикони за да покажете како се чувствувавте кога го гледавте видеото.

Еве го мојот емотикон.



Вашите емотикони.

# Како се чувствуваат ДИГИ-Пловците?

Поврзете ги емотиконите со соодветната сцена.










„Што сакаш да играш Сигма“?



„Никој никогаш не сака да си игра со мене затоа што изгледам поинаку“.



„Што велите да отидеме на патување со мојот суперавтомобил?



„Јееј!“ Сите заедно полетуваат со суперавтомобилот.

## Како се чувствуваш?

Сите сме различни. Она што може да биде смешно за нас, може да ги повреди другите. Во левата рамка, нацртајте слика за да покажете нешто што ве лути. Во десната рамка, нацртајте слика за да покажете нешто што ве изненадува.




# Здравје и благосостојба

## За се има време и место.

## ДИГИ-Пловците се зафатени.

Кога ги правите следните работи?



Напишете зборови на означеното место за да кажете што правите во времето што го гледате на часовникот. Сликите подолу ќе ви помогнат да опишете некои од активностите што ги правите.





# Кои забавни работи можеме да ги правиме офлајн?

Нацртајте за работите што можеме да ги правиме само офлајн. Нацртајте за работите што можеме да ги правиме само онлајн. Нацртајте за работите што можеме да ги правиме онлајн и офлајн.

## Има многу забавни работи што можеме да ги правиме само во реалниот свет.








Во полињата подолу, нацртајте две работи **што не можете да ги направите ако сте на вашиот компјутер**.

# Каде оди Лила?

Започнете од број 1 и поминете низ лавиринтот за да видите што ќе се случи на крајот од денот.



**Распоредување на времето! Можеме да се забавуваме онлајн, офлајн и секаде.**

# Направете пауза.

Погледнете како ДИГИ-Пловците прават јога. Можете ли да ги копирате нивните движења?



Сега направете уште две јога позиции. Можете ли да ги нацртате?

Треба да запомните да правите вежби на секои 20 минути кога сте онлајн.

# Свесноси на потрошувачите

## Сите заедно можеме подобро да се грижиме за нашата планета.

## Дали нешто навистина ни треба или само го сакаме?

На сите **ни треба** храна, вода, место за живеење, чист воздух за дишење и образование.

**Сакаме** многу работи како сладолед, играчки, таблети и телефони, но веројатно можеме да живееме без нив.

Во видеото, можете ли да запомните три работи што ДИГИ-Пловците ги сакаат и три работи што им се потребни? Погледнете ги сликите и нацртајте ги предметите во точното поле. Ние го направивме првото за вас.



# Ајде да работиме заедно и подобро да се грижиме за нашата планета!



## Дали знаете ?

На сите ни треба кислород и јаглерод диоксид за да живееме...но премногу јаглерод диоксид е лошо за воздухот и создава загадување. Ова може да ве разболи Вас и планетата. Секој пат кога правиме нешто, на пример, одиме некаде со автомобил, создаваме јаглерод диоксид. Ова се нарекува нашиот „јаглероден отпечаток“. Можеме да помогнеме да го направиме воздухот почист ако сме **ПАМЕТНИ.**

**Биди паметен**

**С** = Сончева енергија

**М** = Модел на добар избор

**А** = Акции за одржливост

**Р** = Реупотреба и рециклирање

**Т** = Твоја одговорност

Штиклирајте ги со ✓ сликите што покажуваат работи што се добри за планетата.

Ставете икс со ✗ кај работите што не се добри за планетата.

Мојот велосипед или пешачење



Одење насекаде со кола



Гаснење на светлата



Трошење хартија



Затворање на чешмата додека ги мијам забите



Долго бањање и туширање



Гледање многу видеа на интернет



Купување многу играчки



Садење дрвја



Рециклирање на пластика, стакло и лименки



Нацртајте 2 работи што можете да ги направите за да ја спасите планетата.

# Зачувај ја планетата Земја: Загатка со пребарување зборови.

Заокружи ги зборовите во сложувалката подолу и зачувај ја Земјата!

**Банка на зборови**

ЧИСТ ВОЗДУХ, РЕУПОТРЕБА, ПЕШАЧЕЊЕ, РЕЦИКЛИРАЊЕ, ХАРТИЈА, АВТОМОБИЛ, ДРВЈА, ЗАЧУВАЈ ЈА ЗЕМЈАТА




| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | И | У | Х | М | Х | Р | Т | З | К | В |
| П | Е | Ш | А | Ч | Е | Њ | Е | А | Љ | Ч |
| В | Д | Д | Р | В | Ј | А | И | Ч | Џ | Њ |
| Ч | И | С | Т | В | О | З | Д | У | Х | Ш |
| З | Е | М | Ј | А | Т | А | Т | В | Ќ | Ѓ |
| Р | Е | Ц | И | К | Л | И | Р | А | Њ | Е |
| Л | Ѕ | Ј | А | Ц | И | С | А | Ј | А | Ѕ |
| Р | Е | У | П | О | Т | Р | Е | Б | А | Њ |
| Б | Н | А | В | Т | О | М | О | Б | И | Л |

**Размислете за планетата кога сте на интернет.**

Кога го користиме нашиот компјутер, таблет или мобилен телефон, го зголемуваме нашиот јаглероден отпечаток.

Раскажете му ја на некој Ваш другар приказната што ја гледате на оваа слика.



# Подреди ги сликите во правилниот редослед и раскажи ја приказната.

Напишете број од 1 до 6 во белиот круг на секоја слика за да ја поставите приказната што ја видовте на видеото.




Сега подредете ги речениците за да ја раскажете приказната, напишете број од 1 до 6 до секоја реченица.

- …децата имаа забавен шопинг
- …Сигма објаснува што е јаглеродниот отпечаток
- …купување многу работи е лошо за планетата
- …ајде да играме игра наречена „Ви треба или Го сакате“
- …ставаат многу работи во количката
- …можеме подобро да се грижиме на нашата планета

# Водич за наставници и родители.

| Теми | Стр. | DCE компетентност | е-Вештини/цели |
|---|---|---|---|
| **Запознајте ги ДИГИ-Пловците.**<br>Спојте ги точките.<br>Поврзете луѓе и предмети. | 7 | Инклузија и различност<br>Набљудување: гледање на индивидуалните преференции | Математика<br>Фина моторна координација<br>Правење логични или имплицитни врски помеѓу фактите |
| **Забележете ги шесте разлики!**<br>На кој начин се разликувате од вашите пријатели? | 8 | Размислување за разликите<br>Ценејќи ја различноста, предизвикувајќи ги стереотипите | Визуелна дискриминација<br>Идентификување на модели<br>Аналитички вештини |
| **Раскажете ја приказната!**<br>Нацртајте емотикони за да покажете како се чувствувавте… | 9 | Изразување и разбирање на емоциите за себе и другите<br>Развивање на емпатија<br>Креативност | Секвенционирање на настани<br>Ставање на идеи и чувства во слики |
| **Како се чувствуваат ДИГИ-Пловците?**<br>Како се чувствувате Вие? | 10 | Размислувајќи за нашите реакции<br>Критично размислување | Анализирање на ситуации од повеќе перспективи<br>Усно и писмено изразување |
| **ДИГИ-Пловци се зафатени.**<br>Напишете зборови за да кажете што правите и кога. | 11 | Здравје и благосостојба<br>Концепт на он и офлајн<br>Одговорности и ограничувања | Кажување времето<br>Активности за секвенционирање<br>Сумирање на идеи |
| **Кои забавни работи можеме да ги правиме само офлајн?**<br>Две работи што не можете да ги направите ако сте онлајн. | 12 | Запознавање на себеси, размислување за сопствените постапки<br>Балансирање на времето: реално наспроти виртуелно | Метакогниција<br>Пренесување идеи преку слики |
| **Каде оди Лила?**<br>Започнете од број 1 и поминете низ лавиринтот. | 13 | Решавање на проблем<br>Развивање на трпение и упорност | Координација со раце на-очи<br>Потсетување на настани во низа |
| **Правење пауза.**<br>Вежбање правење и цртање јога позиции. | 14 | Грижа за нашето физичко и ментално здравје<br>Балансирање на времето он- и оф-лајн<br>Физичка активност/креативност | Координација десна-лева рака<br>Копирање на позициите на телото<br>Свест за просторот |
| **Дали навистина ни треба или само го сакаме?**<br>Кои работи ги сакаат или им требаат на ДИГИ-Пловци? | 15 | Разликување помеѓу желби, потреби и права<br>Размислување за избори за донесување одговорни одлуки | Читање со разбирање<br>Аналитички вештини<br>Категоризирање на објекти |
| **Ајде да работиме заедно за подобро да се грижиме за нашата планета!**<br>Покажете работи кои се добри за планетата. | 16 | Свеста на потрошувачите: размислување за влијанието на нашите избори<br>Наоѓање решенија | Читање со разбирање<br>Категоризирање на објекти |
| **Зачувај ја планетата земја: загатка за пребарување зборови.**<br>Размислете за планетата кога ќе бидете онлајн. | 17 | Размислување за концептот на одржливост | Препознавање зборови/ шаблони<br>Вештини за прелистрување/ скенирање<br>Од слика до зборови - раскажување |
| **Подреди ги сликите и раскажи ја приказната.**<br>Кажете ја приказната за нашиот јаглероден отпечаток. | 18 | Соработка<br>Набљудување<br>Критично размислување | Анализа на визуелни знаци<br>Математика<br>Секвенционирање на настани |

Преведено од: Доц. д-р Владимир Китановски

## Сложувалка со пребарување на зборови.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | И | У | Х | М | Х | Р | Т | З | К | В |
| П | Е | Ш | А | Ч | Е | Њ | Е | А | Љ | Ч |
| В | Д | Д | Р | В | Ј | А | И | Ч | Џ | Њ |
| Ч | И | С | Т | В | О | З | Д | У | Х | Ш |
| З | Е | М | Ј | А | Т | А | Т | В | Ќ | Ѓ |
| Р | Е | Ц | И | К | Л | И | Р | А | Њ | Е |
| Л | Ѕ | Ј | А | Ц | И | С | А | Ј | А | Ѕ |
| Р | Е | У | П | О | Т | Р | Е | Б | А | Њ |
| Б | Н | А | В | Т | О | М | О | Б | И | Л |

МКД

www.coe.int

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE